Врз основа на член 90 став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 294/21 и 101/25), член 3 од Правилникот за вршење на видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20, 280/21 и 183/22) и член 24 од Статутот на Здружението на општини – Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС, извршниот директор на ЗЕЛС го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на вршење на видеонадзор во ЗЕЛС

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видеонадзор во службените и деловните простории на ЗЕЛС, како и целите, категориите на лични податоци, мерките за безбедност, роковите на чување на снимките и правата на субјектите на лични податоци.

### Член 2

Системот за видеонадзор на ЗЕЛС се состои од дигитални уреди и софтвер, и ги опфаќа следните компоненти:

- Видеоокoлина: Снимањето се врши во MP4/H.264 формат. Податоците се пренесуваат преку затворена локална мрежа - LAN, не се анализираат биометриски, а снимките се чуваат на мрежен видео снимач - NVR/локален сервер и се презентираат исклучиво при овластен пристап.

- Системот нема опција за алармирање. Системот не е поврзан со други безбедносни системи.

- Обезбедена е доверливост, интегритет и достапност преку физичка сигурност на опремата (сместена во просторија со ограничен пристап), контрола на логичкиот пристап преку кориснички имиња и лозинки, како и превенција од губење и манипулација со податоците.

### Член 3

Видеонадзорот во ЗЕЛС се врши исклучиво за целите на заштита на сопственоста и безбедноста и здравјето на вработените преку контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на ЗЕЛС.

ЗЕЛС ќе врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за видеонадзор најмалку на секои две години, како и при секоја поголема промена на системот, за што ќе изработува извештај.

Член 4

Преку системот за видеонадзор се обработуваат следните категории на лични податоци: физички изглед (видео), датум, време и движење на вработените и посетителите кои се наоѓаат во опфатот на камерите.

Снимките не се пренесуваат надвор од Република Северна Македонија нити надвор од просториите на ЗЕЛС.

Личните податоци може да бидат дадени на користење на надлежни државни органи (МВР, судови, обвинителство) само врз основа на писмено барање и законско овластување.

Член 5

ЗЕЛС применува соодветни технички и организациски мерки, како и мерки за техничка и интегрирана заштита (заштита на податоците).

До системот за видеонадзор не е дозволен пристап од далечина (remote access).

За пристапот и увидот до личните податоци, ЗЕЛС задолжително води Евиденција која содржи: име и презиме на овластеното лице, датум и време на пристапување, цел за пристапување, датум и час на направената снимка кон која се пристапува, податоци за корисникот на кого му е дадена снимката и вид на медиумот на кој истата е пренесена.

Член 6

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за видеонадзор имаат само овластените лица во ЗЕЛС.

Овластените лица поседуваат писмено Овластување (Одлука) и пред отпочнување со работа имаат своерачно потпишана „Изјава за безбедност“.

Член 7

Снимките направени при вршење на видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 13 дена, по што истите автоматски се бришат од медиумот.

Снимките може да се чуваат подолго само доколку тоа е потребно за остварување на цели на ЗЕЛС при водење на соодветни постапки согласно закон, за што снимките се изолираат, па рокот на чување се продолжува само за снимките за конкретниот период, додека за снимките кои настануваат тековно, важат истите одредби за нивно чување и времетраење.

Член 8

На видно и јасно место на влезот и во просториите на ЗЕЛС каде се врши видеонадзор, задолжително се истакнува „Известување“ дека се врши видеонадзор, кое содржи информации согласно Закон и е изработено според пропишан образец (во прилог на овој Правилник).

Член 9

Субјектите на лични податоци имаат право на информирање, пристап, ограничување на обработката или бришење на податоците согласно Законот за заштита на личните податоци.

Член 10

Системот за видеонадзор се состои од следната опрема:

- Број на камери: 2 (две)
- Планот каде е поставен системот со графички приказ на просторот, аголот на покриеност и локациите на камерите претставува Анекс 1 и е составен дел на овој Правилник.
- Работни станици преку кои се прегледуваат камеерите: 2 (две)
- софтверски и физички е одобрено/овозможено на точно 2 компјутери (работни станици) да може да се гледа сликата од камерите во живо и на 1 (еден) компјутер наведените два , да се прегледува архивата на снимки.

Спецификација на видео снимачот (NVR):

- Производител: Dahua Technology
- Модел: DHI-NVR4104
- Сериски број (S/N): 1C01524PAYN5386
- Напојување: 12V / 2A

Планот каде е поставен системот со графички приказ на просторот, аголот на покриеност и локациите на камерите се во форма на скица се во прилог и се составен дел на овој Правилник.

Опис на локациите и опфатот):

- Камера 1 (Надворешна): Пред главниот влез (надвор) – го покрива пристапниот плато/скалиште, пешачката капија и пристапната рампа за влез.

- Камера 2 (Внатрешна): Внатрешен хол / пред скали – го покрива просторот од главната влезна врата, приемниот простор и пристапот кон скалите.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи претходниот Правилник за видеонадзор заведен под архивски бр. 0101-758/7 од 04.06.2012

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе биде објавен на интранет-страницата на ЗЕЛС.

**Заедница на единиците на**
**локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Извршен директор**

Dushica Perishikj
Digitally signed by Dushica Perishikj
Date: 2026.09.02 13:54:51 +02'00'

**Душица ПЕРИШИЌ**

**Прилог бр. 1**

# ПЛАН ЗА ПОСТАВЕНОСТ НА ВИДЕО НАДЗОРОТ

1. Видео надзорот се врши преку две камери. Едната е поставена на влезот во зградата на ЗЕЛС при што истата е насочена кон влезната врата заради вршење на контрола при влез во ЗЕЛС. Другата камера е внатрешно поставена и насочена кон ходникот помеѓу влезот и првиот спрат од зградата.
2. План каде е поставена надворешната камера на ЗЕЛС – Скица бр. 1
3. План каде е поставена внатрешната камера на ЗЕЛС – Скица бр. 2

<u>**Скица бр. 1 – надворешна камера**</u>



**Скица бр. 2 – внатрешна камера**



**Образец бр.3 Известување за вршење на видео надзор[1]**




**Назив на контролорот и каде е применливо назив на претставникот на контролорот: Заедница на единиците на локална самоуправа(ЗЕЛС)**

**Контакт информации: ул.Копенхагенска бр.5 contact@zels.org.mk**

**Контакт информациите за офицерот за заштита на личните податоци (доколку е определен):НАТАША ВРТЕСКА**

**contact@zels.org.mk 02/3099-033**

**Информации што го засегаат субјектот на личните податоци (период на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на видео снимките на трети страни):**
**Се врши следење во реално време . Снимките не се пренесуваат на трети страни, освен на надлежни органи според законот.**

**Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:Заштита на имотот, безбедност на вработените и посетителите, како и контрола на влезовите во објектот.**

Дополнителни информации ќе најдете:
- Преку известување
- На пријавница/ рецепција/ инфо пулт
- На интернет (www)...bit.ly/4cR2T1i

[1] ***Забелешка**:Информациите мора да бидат бесплатни, во транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Ова известување треба да биде отпечатено на А4 формат.*